

МЦМС

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2005

ВОДОСНАБДУВАЊЕ И САНИТАЦИЈА ЗДРАВСТВО И ОБРАЗОВ
ВРАБОТУВАЊЕ И ГЕНЕРИРАЊЕ ПРИХОДИ ГРАЃАНСКО ОПШЕСТ
И ДЕМОКРАТИЈА КРОССЕКТОРСКИ И МЕЃУНАРОДНИ ПРОГРАМИ
СТРУКТУРА И РАЗВОЈ НА МЦМС ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ 2005 П
ГЛЕД НА ПРОЕКТИ ВО 2005 ГОДИНА ВОДОСНАБДУВАЊЕ И САНИ
ЦИЈА ЗДРАВСТВО И ОБРАЗОВАНИЕ ВРАБОТУВАЊЕ И ГЕНЕРИРАЊ
ПРИХОДИ ГРАЃАНСКО ОПШЕСТВО И ДЕМОКРАТИЈА КРОССЕКТО
СКИ И МЕЃУНАРОДНИ ПРОГРАМИ СТРУКТУРА И РАЗВОЈ НА МЦМ
ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ 2005 ПРЕГЛЕД НА ПРОЕКТИ ВО 2005 Г
ВОДОСНАБДУВАЊЕ И САНИТАЦИЈА ЗДРАВСТВО И ОБРАЗОВАНИ
ВРАБОТУВАЊЕ И ГЕНЕРИРАЊЕ ПРИХОДИ ГРАЃАНСКО ОПШЕСТВ
И ДЕМОКРАТИЈА КРОССЕКТОРСКИ И МЕЃУНАРОДНИ ПРОГРАМИ
СТРУКТУРА И РАЗВОЈ НА МЦМС ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ 2005

# СОДРЖИНА


4 Порака од раководството

5 **ВОДОСНАБДУВАЊЕ И САНИТАЦИЈА**

5 Водоснабдување и санитација на заедниците

5 Оспособување на заедниците и институциите

6 **ЗДРАВСТВО И ОБРАЗОВАНИЕ**

5 Применето образование за млади Роми

7 **ВРАБОТУВАЊЕ И ГЕНЕРИРАЊЕ ПРИХОДИ**

7 Финансиски услуги

7 Нефинансиски услуги

8 **ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО И ДЕМОКРАТИЈА**

8 Платформа на граѓанските организации во Македонија

9 Граѓански свет

9 Градење на капацитетите на граѓанските организации

10 Јакнење на стратешките граѓански организации

10 Граѓанско-советодавни центри

10 Награда за граѓанско општество и демократија

10 Награда за одржлив развој „Херт Јан ван Апелдорн“

11 Страници за меѓусебно разбирање

11 Поврзување на религиите во Македонија

11 Ресоцијализација на поранешните борци

12 **КРОССЕКТОРСКИ ПРОГРАМИ**

12 Кампањи за мобилизација на фондови

13 **МЕЃУНАРОДНИ ПРОГРАМИ**

13 Балканска мрежа за граѓанско општество

13 Регионална меѓугранична соработка

14 **СТРУКТУРА И РАЗВОЈ НА МЦМС**

16 Извршна канцеларија

17 **НЕЗАВИСНОТО РЕВИЗОРСКО МИСЛЕЊЕ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ 2005**



МЦМС е презапишан во Регистарот на здруженијата на граѓани и фондации во Основниот суд - Скопје 1, под регистарски број 492, со решение бр. 434/99 од 06.10.1999 година. Матичен број 4878256. Единствен даночен број 4030994180119.

# МИСИЈА



Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) е организација на граѓанското општество што работи во областа на одржливиот развој, градење на свеста и на социјално-хуманитарната (основна) помош.

Целта на МЦМС е поттикнување, поддршка и развој на локални, национални и меѓународни иницијативи за унапредување на одржливиот развој на човечките ресурси во Македонија и надвор од неа.

За остварување на целите и задачите МЦМС ги мобилизира и ги организира човечките ресурси, финансиските и материјалните средства, како во земјата, така и во странство.

МЦМС за активностите обезбедува средства од повеќе агенции на Светскиот совет на црквите и од владини и меѓународни организации.

МЦМС е член на:

ACT Internacional

CIVIKUS

Граѓанска платформа на Македонија

# ЦЕЛИ, СЕКТОРИ И МЕТОДИ

**Стратешки цели на МЦМС се:**

- промоција на мирот;
- понатамошен развој на граѓанското општество;
- помош на групи што имаат потреба за неа.

**МЦМС е активен во следниве сектори:**

- водоснабдување и санитација;
- образование;
- рурален развој;
- вработување и генерирање приходи;
- граѓанско општество и демократија;
- итна помош.

**МЦМС активностите ги остварува преку:**

- поддршка на проекти;
- обука и совети;
- информации;
- застапување и лобирање;
- раководење.

# ПОРАКА ОД РАКОВОДСТВОТО


Наташа Габер-Дамјановска


Сашо Клековски

Оваа, 2005 година, ја одбележаа децентрализацијата, интеграциите во ЕУ и сиромаштијата. Децентрализацијата, како последна значителна обврска од Охридскиот (рамковен) договор, беше фокусот во првата половина на годината со локалните избори и преносот на надлежностите. Во декември Република Македонија се здоби со кандидатскиот статус за членство во Европската Унија. Во земјата сè ште има „раст без вработувања".

МЦМС во 2005 година имаше вкупен обем (портфолио) од 16 програми со 131 проекти и вкупен буџет од приближно 125 милиони денари.

Постигнатиот резулатат е успех и во однос на планот и во однос на претходната година. Продолжува трендот на повеќе „софт-активности" - обуки, застапување и информации, на сметка на намалување на финансиската поддршка.

Приближувањето кон ЕУ битно влијае на агендата, но и на достапните ресурси, посебно за граѓанското општество.

За МЦМС и понатаму се намалува поддршката од Конзорциумот за Македонија (за 10%), а 2005 година е последна година на поддршка од ICCO, Холандија, еден од најголемите поддржувачи на МЦМС, како и на CAID – В. Британија. Зголемените активности и успехот во мобилизацијата на ресурси од други извори (главно ЕУ), помогнаа во диверзификацијата на поддршката на МЦМС.

Во 2005 година МЦМС се фокусира на реорганизација и реструктурирање за приспособување на изменетата околина. Планот за социјално реструктурирање на МЦМС опфаќа: реструктуирање на програмата (среднорочна ориентација 2006 – 2010 година); зголемување на иновативноста (развој на персоналот, истражување, нови продукти) и подобрување на ефикасноста со намалување на трошоците. Спреведените мерки донесоа резултати во однос на подобрувањето на ефикасноста - намалени трошоци и намалена цена на чинење за 13%.

Во 2005 година постоечките и новите партнерства се покажаа клучни за успехот. Во таа смисла, МЦМС го продолжи јакнењето на постоечките мрежи и продлабочувањето на соработката со партнерите, а изгради и нови успешни партнерства.

Сашо Клековски
*Извршен директор*

Наташа Габер-Дамјановска
*Претседавач на УО*

## ВОДОСНАБДУВАЊЕ И САНИТАЦИЈА НА ЗАЕДНИЦИТЕ

**Целта** на програмата е обезбедување пристап до вода за пиење и соодветно одведување на отпадните води.

Во текот на 2005 година подобрено е водоснабдувањето или санитацијата за осум села во кои живеат 4.138 жители во Македонија.

Вкупната вредност на проектите изнесува 41.755.698 МКД. Од тоа, МЦМС учествува со 22.302.132 МКД или околу 53%.

## ОСПОСОБУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЦИТЕ И ИНСТИТУЦИИТЕ

**Целта** на програмата е да се оспособат заедниците и институциите за организација и управување со развојните иницијативи.

Преку обуките и посетите за размена на искуства, опфатени се 224 претставници на локалната самоуправа и граѓанските организации.







### Позитивното секогаш ќе биде пример за другите

Општината Лозово и нејзиниот градоначалник Јордан Павлов ги пречекаа претставниците на општините Могила, Старо Нагоричане и Желино и се пофалија со сработеното досега. „Локалната самоуправа има реализирано повеќе од 15 проекти, од кои 6 се реализирани со придонес на населението и општината", им рече на своите гости Павлов. Општинарите соработуваат со триесетина мали и средни претпријатија од општината.

Домаќините организираа обиколка на дел од реализираните проекти.

„Посетата беше многу корисна за нашата општина. Впечаток ми остави фабриката за градежни материјали 'Џумајлија', што е голем капацитет за една ваква општина. Посетата е добро смислена и за размена на информации и искуства и со другите општини", ни кажа Ицо Велјановски од општина Могила.

„Веќе четврти пат сме на една ваква посета и секогаш има нешто ново да се види или слушне", вели Лазар Димитријевиќ од општина Старо Нагоричане. „Гледајќи дел од активностите на општината веќе ни се родија идеи како да ја подобриме и нашата работа. Видовме две големи компании коишто работат успешно и имаат голем број вработени", додаде тој.

Посетата секогаш е добар начин да се види како некои од локалните власти им приоѓаат и ги решаваат своите пробелми, затоа МЦМС ги организира овие средби, преку директните контакти, размената на искуства и информации да им помогне на општините да си ја олеснат работата.





# ЗДРАВСТВО И ОБРАЗОВАНИЕ





## ПРИМЕНЕТО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА МЛАДИТЕ РОМИ

**Целта** на програмата е да се подобри вклученоста во основното образование и да се зголемат можностите за вработување на ромската младина.

Програмата се спроведуваше во 11 градови и во 15 основни училишта каде наставата ја следат 3,454 Роми што е 21% од вкупниот број ученици. Беше спроведено истражувањето за образовната состојба на Ромите во основното образование.

## Мојата другарка

Секој има свој празник, свој голем ден, за Ромите тој ден е Осми април - Светскиот ден на Ромите. Зближувањето меѓу луѓето најдобро се забележува преку благородноста, преку доброто коешто човекот го прави за другите луѓе, а оттука произлегува и неговата големина. Тргнувајќи од ова, жири-комисијата ги додели наградите на учениците од основните и средните училишта во Македонија кои пишуваа на темите: „Да бидеш Ром: дома, на училиште, во општеството" и „Ромите во 21 век: како живеат и како другите ги доживуваат".

„Првпат пишувам за Ромите", вели Оливера Донева од ДСУ „Ѓупчо Сантов" Кочани, ученичка во I година и една од наградените. „Избрав тема со наслов 'Кој ги измислил празниците'. Во неа пишувам за една млада ромска девојка која ги изразува нејзините најскриени желби за иднината. Всушност, девојчето од приказната е вистински лик, таа ми е другарка уште од најраното детство. Таа сега е единствената Ромка што го продолжила школувањето во I година во средното училиште каде што учам и јас. Нејзината желба да продолжи со школувањето беше голема, и покрај финансиските проблеми. Секој заслужува да си ги оствари целите во животот", додава Оливера.

Избраните творби беа објавени во посебно повеќејазично издание што беше дистрибуирано до сите основни и средни училишта и јавни библиотеки во земјата.

### Кој ги измислил празниците

*(дел од наградениот текст)*

„... ми стана јасно зошто уште од мала нè оставаа (мама и тато) кај баба ми од рано наутро до доцна навечер, зошто моите четири сестрички коишто беа помали од мене цело време плачеа додека ги немаше мама и тато. Само јас знаев како и со што ги смирував, само јас најстарата, којашто едвај има осум години. Цврсто решив. Ќе му ставам крај на сево ова. Ќе го завршам започнатото образование со највисоки оценки. Ќе покажам што можам. Ќе им помогнам на моите. Ќе бидам пример."



# ВРАБОТУВАЊЕ И ГЕНЕРИРАЊЕ ПРИХОДИ

МЦМС е основач на Македонската развојна фондација за претпријатијата (МРФП).
МРФП ги спроведува планираните активности од Стратешкиот план на МРФП преку програмите Финансиски услуги, Нефинансиски услуги, Потсекторски развој и Платформа за развој на мали и средни претпријатија.

## Попова кула

На бројот 1 на „Булеварот на виното“ кој поминува над Демир Капија, точно по стариот пат што ги поврзувал Скопје и Солун, се наоѓа винаријата наречена „Попова кула“. Импресивната камена кула ви пружа извонредна глетка на долината во која лозјата и виното го имаа главниот збор. Во времето кога ја посетивме Попова кула забрзано се одвиваше откупот на грозје. Винаријата откупува од малите производители во тиквешкиот регион, а нив таму ги има околу 20,000.
„Ова е пилот проект“, вели еден од инвеститорите, Јордан Трајков. „Нашата визија е да инвестираме во 10 винарски визби во Македонија и тоа посебно во вакви интересни и атрактивни места. Сметаме дека тоа е добар начин да се разбие баукот за Македонија како место каде што може да се инвестира“, додаде тој. Во визијата на овие луѓе, Интеко (компанијата што управува со Попова кула), ќе се појави како менаџер на визбите.
Попова кула ќе вработи седуммина, а по започнувањето на процесот на флаширање уште четири вработени. Капцитетот на винаријата е 200,000 литри, а во проектот се вклучени 19 инвеститори вклучувајќи ги домашните но и оние од САД и Франција.
Ја напуштаме Попова кула. Си одиме од бројот 1 на Булеварот на виното. Се надеваме дека новите броеви на овој булевар брзо ќе бидат испишани, а визијата на овие луѓе ќе стане стварност. Зошто таа стварност ќе му донесе просперитет на градот во подножјето на Попова кула и на целиот регион.

## Децентрализација во банкарството

МРФП продолжува преку обуки да ги гради капацитетите на банкарскиот персонал, посебно на оние кои се директно поврзани со кредитирањето на микро и малите бизниси.
Ваквите обуки треба да го поддржат процесот на децентрализација на кредитното одлучување што според учесниците на обуката, ќе придонесе да се изгради поинаков имиџ на банките, со што тие ќе бидат попристапни за клиентите. Децентрализацијата значи дека банкарските службеници во експозитурите можат да ја донесат одлуката за тоа дали банката ќе кредитира одреден клиент или не. На овој начин значајно ќе се скрати и времето потребно банката да ја донесе одлуката, а клиентите ќе бидат позадоволни.



## ФИНАНСИСКИ УСЛУГИ

**Целта** на програмата е подобрување на пристапот до финансиски услуги за развој на микро и малите бизниси.
Со програмата во 2005 г. се опфатени 62 мали претпријатија и 564 микропретприемачи.
Вкупниот исплатен износ е 217.951.784,00 МКД.

## НЕФИНАНСИСКИ УСЛУГИ

**Целта** на програмата е да се зајакнат капацитетите на актерите во секторот ММП
Обезбедена е програмска и организациска поддршка за здруженијата: ЗЗП Куманово, ЗЗП Агропродукт - Штип, РПС Матица - Штип, ЕСА Тетово, ЕСА Гостивар.





# ПЛАТФОРМА НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО МАКЕДОНИЈА

**Целта** на програмата е воспоставување механизам којшто ќе придонесува за подобрена овозможувачка околина за граѓанските организации.

Во текот на 2005 г. беше подготвен извештајот за Индексот на граѓанското општетсво во Македонија и се одржа 5 НВО Саем – Форум на граѓанското општество, под мотото „Центарот е таму каде што си ти“. На НВО Саемот учествуваа 228 граѓански организации, а го посетија 8674 посетители.







## Граѓанското општество во Македонија меѓу перцепцијата и реалноста

Извештај на Индексот на граѓанското општество во Македонија е резултат на првото сеопфатно истражување за граѓанското општество во Македонија. Извештајот од ова истражување беше тема на првата национална конференција.

„Извештајот може да ни помогне да видиме каде сме, што сме и каде понатаму“, рече на почетокот на Конференцијата Сашо Клековски, извршен директор на МЦМС. Тој обрна внимание на неколку наоди од Ивештајот. Најголемиот успех во димензијата влијание, според него, е во делот на зајакнување на жените, а она што произлегува од Извештајот како загрижувачки податок е односнот меѓу урбаните и руралните подрачја, кој изнесува 10:1. „Мислам дека такви јазови мораме реално да ги погледнеме за да не се сопнеме и паднеме во нив, зашто ова е многу длабок јаз меѓу урбана и рурална Македонија. Сакам овој јаз да го нагласам можеби и намерно како многу битен во натамошните согледувања не само во структурата туку и севкупно како граѓанското општество треба да се подобри“ додаде Клековски.

„Јас секогаш сметав дека сме престроги и прекритични во оценувањето и јас лично имам подобра перцепција на граѓанскиот сектор отколку што можеби понекогаш имаат самите актери во просек“, рече Лилјана Поповска, пратеник во Собранието на РМ. „Ако зборуваме за широчина на граѓански организации, за волонтерство, за инфраструктрура, таа е подобра отколку што самите ние ја гледаме, или од она што сакаме да го имаме ние и мислам дека некогаш имаме поголеми желби отколку што објективно можеме да ги оцениме работите“ додаде таа.

За Флора Љатифи, советник на Претседателот на Македонија за граѓански организации, извештајот е значаен заради две работи. „Прво дава можност да видиме една слика или реална состојба на нашите граѓански организации, а второ, нè поттикнува на преземање активности за развој на граѓанското општество во Македонија. Резултатите од Извештајот ќе бидат дел од Глобалниот извештај на Индексот на граѓанското општество на Цивикус.

# ГРАЃАНСКИ СВЕТ

**Целта** на програмата е подобрено информирање на здруженијата на граѓани, другите актери и јавноста за работата на здруженијата на граѓани и развојот на граѓанското општество.

Беа испечатени 11 броја на списанието и пет броја на Граѓански практики на различни теми.




# ГРАДЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

**Целта** на програмата е јакнење на организациските капацитети на граѓанските организации во Македонија.

Со програмата во текот на 2005 година беа опфатени вкупно 474 учесници во рамките на обуките и консултациите, од кои 127 во редовните (стандардни) курсеви, 347 во скроените курсеви и работилниците, како и 120 учесници на советувањето за подготовка на завршни сметки.





## Менаџмент на непрофитна организација

„Со целото мое досегашно искуство, можам да кажам дека една ваква обука вистински ми недостигаше. Обуката беше содржајна и придонесе да се здобијам со нови знаења коишто веќе почнав да ги користам во раководењето на ансамблот". Ова беа зборовите на Драган Георгиев, член на Фолклорниот ансамбл „Бучим" од Радовиш, еден од 14-те учесници на обуката за менаџмент на непрофитна организација, наменета за членови на раководствата на граѓански организации, за обезбедување знаења и вештини за раководење.

Учесниците имаа можност да се запознаат со начинот на раководење со граѓанска организација, концептот на институционален развој и организациско јакнење, интегрираниот организациски модел, стилот на раководење, стратешкиот менаџмент, менаџментот на промени, организациското учење, организациската структура, организациската култура и со менаџментот со човечки ресурси.

Ова е особено важно за новоформираните граѓански организации и за организациите коишто подолго време работат во овој сектор, каде што недостасуваат стратешки планови, нема поделена раководна и извршна улога, слабо се води сметка за развој на организацијата, што го оневозможуваат развојот на граѓанскиот сектор во Македонија.



## ЈАКНЕЊЕ НА СТРАТЕШКИТЕ ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

**Целта** на програмата е јакнење на организациските капацитети на стратешките граѓански организации.

Со програмата се опфатени 7 организации: Полио плус – постполио група за поддршка, Скопје, ПДАС „Меѓаши“, Скопје, Движење на екологистите на Македонија, Скопје, Сојуз на организациите на жените на Македонија, Скопје, Асоцијација за демократски иницијативи, Гостивар, Центар за граѓанска иницијатива, Прилеп и ОХО, Скопје. За активистите на ПДАС „Меѓаши“, СОЖМ, ДЕМ, Полио плус и ОХО беше организирана обука низ работа во времетраење од еден месец.

## ГРАЃАНСКО-СОВЕТОДАВНИ ЦЕНТРИ

**Целта** на програмата е подобрена информираност и зајакната свест на граѓаните за остварување на нивните права.

Изготвени се 538 жалби, молби и барања; правна помош и совети од различни области дадена е во 221 случаи; комплетирани се 318 документи по разни основи; остварени се 132 работни посети и состаноци со претставници на центрите за социјална заштита, полицијата, локалната самоуправа, основните судови, матични служби и др. Програмата е поддржана од МЦМС а управувана од ХДЗР - „Месечина“.

## НАГРАДА ЗА ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО И ДЕМОКРАТИЈА НАГРАДА ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ ХЕРТ ЈАН ВАН АПЕЛДОРН

**Целта** на наградите е да се поддржат граѓаните и организациите коишто даваат особен придонес на локалните и националните иницијативи за развој на граѓанското општество и демократијата, односно за одрживиот развој во Македонија.

Добитници на Наградата за граѓанско општество и демократија се: Еколошкото друштво Вила зора од Велес, за долгодишни постигнувања; Организацијата на жените на општина Свети Николе и Универзитетот на Југоисточна Европа за постигнувања во претходната година и Македонското здружение за борба против ракот и леукемијата кај децата „Пеперутка“ за јавност и информирање.

Добитници на Наградата за одржлив развој „Херт Јан ван Апелдорн“ се: Хуманитарната организација Ел хилал и Сојузот на организациите на жените на Македонија за долгогодишни постигнувања; Фондацијата за развој на мали и средни претпријатија од Битола и Миле Стојкоски за постигнувања во претходната година.





# СТРАНИЦИ ЗА МЕЃУСЕБНО РАЗБИРАЊЕ

**Целта** на програмата е да се подобри информираноста на јавноста за меѓуетничките односи во Македонија и да се влијае врз медиумите известувањето за меѓуетничките односи да биде објективно и сестрано.

До мај 2005 година, до кога траеше програмата, беа објавени 20 „заеднички страници“; според анкетата, кај 29% од читателите на страницата има макар и мала промена на перцепцијата за настаните. Беше реализирана студиска посета во Јужна Африка, која беше фокусирана на билингвалното известување и на улогата на медиумите во процесот на помирување во постконфликтно општество.







# ПОВРЗУВАЊЕ НА РЕЛИГИИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА

**Целта** на програмата е да се зголеми меѓусебното разбирање помеѓу верските заедници и разбирањето за нив во македонската јавност воопшто.

Се одржа завршната работилница на којашто учествуваа претставници од верските заедници - членки на Управувачката група и Издавачкиот совет на ПРМ и претставници од МЦМС. Беа одржани шест предавања на Богословскиот Факултет и на Факултетот за исламски науки.

# РЕСОЦИЈАЛИЗАЦИЈА НА ПОРАНЕШНИТЕ БОРЦИ

**Целта** е да се ресоцијализираат поранешните учесници во вооружените активности во Македонија од 2001 година, од двете страни на конфликтот - членовите на владините безбедносни сили (полиција и армија) и Ослободителната национална армија (ОНА), преку директна помош (обука за основни вештини, стручна обука и обука на работно место) и градење на капацитетите на нивните здруженија.

Беше спроведена обука за раководење со проектен циклус, на која учествуваа вкупно 21 член на здруженијата. Исто така, двете здруженија беа помогнати со техничка опрема.











## Кажи О.К. за МК

„Кажи О.К. за МК“ беше продолжение на акцијата „Спомнете ја Македонија за добро“ и беше уште една можност за вклучување на граѓаните на Македонија во процесот на приближување на нивната земја кон Европската Унија.

Истражувањето покажа дека дури 91,2% од граѓаните, сакаат да ја видат Македонија како дел од европското семејство, а 57,2% од граѓаните кажале дека би ја поддржале оваа иницијатива на различни начини.

Граѓаните им испратија картички на Владата и на членовите на Советот на министри на ЕУ. „Кажи ОК за МК“ порачаа тие. Јавното потпишување и испраќање на картичките се одвиваше за време на НВО Саемот.

Оваа граѓанска иницијатива беше можност за граѓаните кои сакаат да направат нешто. Нешто за себе, за она што кажале дека го сакаат, нивната земја да биде дел од Европската Унија.

Ете затоа МЦМС, Форум-центарот за стратегиски истражувања и документација и Потрага по заедничка основа заедно со граѓаните на Македонија порачаа: „Кажи О.К. за МК“!

## БАЛКАНСКА МРЕЖА ЗА ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО

**Целта** на програмата е да ги зголеми индивидуалните и организациските капацитети на релевантните ГО од Балканот и нивната соработка (нивните соработници).

Беа организирани или поддржани две обуки, четири разменски посети/експозиции, конференција, публикација, редовен месечен билтен, интернет-страница (со нова база на податоци) и редовни неделни вести.

## РЕГИОНАЛНА МЕЃУГРАНИЧНА СОРАБОТКА

**Целта** на програмата е да се подобри меѓуграничната соработка преку зголемување на соработката помеѓу локалните власти и граѓанските организации од трите меѓугранични региони.

Беа реализирани три обуки и една разменска посета. Беа објавени месечни броеви на електронскиот месечен билтен, во којшто се објавуваат извештаи проследени од членовите на Координативното тело.








### Пример за политиката на трите земји

„Не веруваме во политиката, веруваме во граѓанското општество. Верувам во македонскиот граѓански сектор и во МЦМС“, ни рече Реџеп Шеху, координатор на Институтот за демократија и медијација за регионот на Кукс, Албанија, во разговорот што го водевме во Скопје, додека траеше обуката за раководење со проектен циклус.

Триаголникот Гостивар-Кукс-Призрен, Драгаш е во фокусот на програмата за меѓугранична соработка. Во неа се вклучени граѓански организации, но и локалните самоуправи од градовите на триаголникот.

„Верувам дека од оваа програма ќе произлезат различни програми и дека луѓето од триаголникот ќе настапат со заеднички проекти“, вели Шеху, „ние имаме волја да се оформи пилот-програма каде нашите проекти ќе имаат шанса“, додава тој.

Реџеп Шеху се надева дека програмата може да биде првиот чекор во отворањето на регионот (триаголникот). Почнувајќи со решавањето на основниот проблем, минувањето на границата, тој се надева дека ќе можат да се развиваат и другите односи. „За да дојдат во Македонија, на жителите на Кукс им требаат 20 часа и 30 евра. Ако функционира преминот кај Кукс, нивниот пат до Македонија ќе се скрати на 2,5 часа“, вели Шеху. „Ако некој заради пуста желба да ја види Македонија го прави тоа еднаш годишно, замислете си ги бизнисмените кои треба да го тоа прават неколку пати месечно! И на крајот на краиштата, ако почесто се среќаваме, не мора да се сакаме, ама нема ниту да се мразиме“, вели Реџеп Шеху.

# СТРУКТУРА И РАЗВОЈ НА МЦМС

## СОРАБОТКА

Соработката на МЦМС се одвиваше со домашни организации и институции, со агенциите членки на Светскиот совет на црквите и со други странски организации. Соработка со домашните граѓански организации (главно во рамките на Граѓанската платформа на Македонија) беше со намален интензитет, но кон крајот на годината ја усвоија програмата за 2006-2007 година и извештајот за 2004 година.

МЦМС го продолжи ритамот на соработка со Светскиот совет на црквите (WCC) и со Конзорциумот за Македонија.

Конзорциумот за Македонија ја одржа својата дванаесетта редовна средба, во мај, во Скопје. На средбата учествуваа Данската црковна помош (DCA), Норвешката црковна помош (NCA), Христијанската помош (CAID), ЕЕД и МЦМС. На средбата се расправаше за: извештајот за работата на МЦМС за 2004 година; прогресот на програмите во 2005 година, анализа на контекстот и актерите; стратешката ориентација на МЦМС, како и за иднината на Конзорциумот.

Извршниот директор на МЦМС, Сашо Клековски, беше поканет и учествуваше во Владината делегација којашто во Брисел ги предаде одговорите на Република Македонија, на прашалникот на Европската комисија во рамките на процесот на интеграција во ЕУ.



Sue Turrel, Jorgen Tommsen, на последната средба на Конзорциумот за Македонија



## ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

Издадени се 11 броја на Билтенот на МЦМС и две публикации за Годишниот извештај за јавноста за 2004 година (долга и скратена верзија)

Во текот на 2005 година беа остварени вкупно 324 настапи во медиумите. Од објавените во печатените медиуми, 237 се платени огласи, додека 37 се написи, кратки информации или интервјуа коишто информираа за работата на МЦМС.

## МОБИЛИЗАЦИЈА НА ФОНДОВИ

МЦМС подготви неколку пријави за мобилизација на средства. Одобрени се пријавите: Мрежа до мрежа од ЕУ/КАРДС програмата, заедно со пет регионалните партнери; од страна на ЕАР е одобрена пријавата Поддршка на активностите на малцинските групи подготвена од АДИ, каде МЦМС е партнер; Техничка поддршка на Единицата за граѓанско општество при Владата на РМ, во партнерство со COWI од Данска и заедно со INTRAC од В. Британија. Беа подготвени и одобрени апликациите за членките на Конзорциумот: NCA (МСМ и ВСЗ), а одобрено е и финансирањето од NCA за програмата БНТ, како и одобрена е програмата ПГО од страна на DCA.

МЦМС конкурира и на други повици: Рамковни договори за ЕУ договори, во партнерство со три конзорциуми: MDF (Холандија), Ecorys (Холандија) и Италтренд (Италија); (во тек); Ромски едукативен фонд (РЕФ): пријава за програма Да учиме заедно (во тек).

## УПРАВЕН ОДБОР

1. **Наташа Габер-Дамјановска**, претседавач
   доктор по политички науки, виш научен соработник во Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања
2. прота **Драги Костадиновски**, заменик-претседавач
   архиерејски заменик и генерален секретар на „Милосрдие“, агенција на Македонската православна црква
3. **Билјана Герасимовска-Китановска,**
   доктор по општа медицина, магистер по нефрологија, вработена во Клиничкиот центар, Скопје, претседател на ЕСЕ - Скопје
4. **Мухамед Точи (Месечина),**
   невработен, член на Претседателството на ХДЗР „Месечина“-Гостивар
5. **Зејнула ефенди Фазлиу,**
   референт во кабинетот на претседателот на Исламската верска заедница
6. **пречесен Михаил Цеков,**
   пастир на Евангелско-методистичка црква во Струмица
7. **Свето Стефановски,**
   новинар, главен и одговорен уредник на ревијата „Екологија“-Скопје
8. **Бехиџудин Шехапи,**
   претседател на Ел хилал, Скопје
9. **Андон Марковски,**
   секретар на Сојуз на здруженијата на пензионерите на Македонија-Скопје
10. **Имер Селмани,**
    градоначалник на општина Сарај



## СОВЕТ

Наташа Габер-Дамјановска
Драги Змијанац
Ахмет Јашаревски
Дилбера Камберовска
Руска Мицева
Александар Михајловски
Абдурауф Пруси
Марија Стамболиева
Мерсел Џеладини
Душан Шурбановски
Ѓунер Исмаил
Келменд Зајази
Аце Коцевски
Ратко Лазаревски
Душица Перишиќ
Имер Селмани
Нафи Сарачини
Иван Тулевски
Теута Крашница-Чучкова
Драги Костадиновски
Мухамед Точи
Зејнула Фазлиу
Михаил Цеков
Ѓоко Ѓоргески
Лилјана Алчева



# ПЕРСОНАЛ

На крајот на годината, МЦМС имаше 30 соработници. Во оваа година МЦМС го усвои и започна да го спроведува Планот за социјално реструктурирање. Планот е израз на потребата да се одговори на новите текови што ги наметнуваат промените во контекстот во кој функционира граѓанското општество. Членовите на извршната канцеларија чии е-маил адреси не се презентирани, престанале да работат во МЦМС во текот на 2005 година.
За развој на персоналот, спроведени се неколку индивидуални обуки.

## ИЗВРШНА КАНЦЕЛАРИЈА НА МЦМС

### Извршен директор

Сашо Клековски
skl@mcms.org.mk

### Група за развој

Димче Митрески



dmt@mcms.org.mk

Александар Гумберовски
agm@mcms.org.mk

Миодраг Колиќ
mkl@mcms.org.mk

Владимир Лазовски

Нахида Зекирова
nzk@mcms.org.mk

### Група за вработување

Тетјана Лазаревска



tlz@mcms.org.mk

Афродита Муслиу
ams@mcms.org.mk

Лазар Неданоски
lnd@mcms.org.mk

Лирим Хајредини
lhj@mcms.org.mk

Зоран Велковски

Глигор Михајловски
gmh@mcms.org.mk

### Група за граѓанско општество

Сунчица Саздовска



ssz@mcms.org.mk

Фатмир Битиќи
fbt@mcms.org.mk

Лилјана Алчева

Валентина Чичева
vch@mcms.org.mk

Неда Малеска-Сачмароска
nms@mcms.org.mk

Емина Нурединоска
enr@mcms.org.mk

Кренар Кука
kkk@mcms.org.mk

Даниела Стојанова
dsj@mcms.org.mk

### Група за информации

Гонце Јаковлеска



gjk@mcms.org.mk

Даниел Медароски

Грамоз Шабани
gsb@mcms.org.mk

Адис Рахиќ
arh@mcms.org.mk

Сузан Шаќир Сулејмани
ssh@mcms.org.mk

Даниела Стојановска

### Кросссекторски и меѓународни програми

Александар Кржаловски



akr@mcms.org.mk

Александар Стевановски
ast@mcms.org.mk

Тања Хафнер-Адеми
thf@mcms.org.mk

Дервиша Хаџиќ-Рахиќ
dhd@mcms.org.mk

### Административна група

Александар Бужаровски



Милка Божиновска-Миова
mmv@mcms.org.mk

Мирјана Куновска
mkn@mcms.org.mk

Данило Митов
dmv@mcms.org.mk

Марјан Димитров

Весна Богдановска
vbg@mcms.org.mk

Билјана Вучуревиќ
bvc@mcms.org.mk

# НЕЗАВИСНОТО РЕВИЗОРСКО МИСЛЕЊЕ



PRICEWATERHOUSECOOPERS

PricewaterhouseCoopers dooel
ul. Marshal Tito 12,
"Palata Makedonija" IV floor
PO Box 355
1000 Skopje
Republic of Macedonia
Telephone +389 (02) 3116 638
+389 (02) 3111 012
+389 (02) 3110 623
Facsimile +389 (02) 3116 525
www.pwc.com/mk

**Извештај на ревизорите**

**До Македонски центар за меѓународна соработка**

Извршивме економско-финансиска ревизија на билансот на состојба на Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС) за годината завршена на 31 декември 2005 година и на придружните извештаи за приходите и расходите и паричниот тек, прикажани на страните од 2 до 15. Одговорноста за овие финансиски извештаи е на раководството на МЦМС. Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи базирано на нашата ревизија.

Економско-финансиска ревизија ја извршивме во согласност со Меѓународните Стандарди на Ревизијата. Овие стандарди бараат да ја планираме и извршуваме ревизијата со цел да добиеме доволно сигурност дека финансиските извештаи не содржат материјално значајни грешки. Економско-финансиската ревизија вклучува испитување, докази што ги поткрепуваат износите и прилозите во финансиските извештаи, врз основа на тестирање. Економско-финансиската ревизија исто така вклучува оценка на користените сметководствени принципи и значајни проценки направени од раководството, како и проценка на презентацијата на финансиските извештаи. Ние веруваме дека ревизијата обезбедува доволна основа за нашето мислење.

Според наше мислење, финансиските извештаи реално и објективно ја прикажуваат финансиската состојба на Македонски центар за меѓународна соработка на ден 31 декември 2005 година, билансот на приходите и расходите и паричниот тек, подготвени во согласност со Меѓународните Финансиски Стандарди за Известување.

Прајсвотерхаускуперс дооел
Скопје

08 мај 2006 година




# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ 2005

## Од каде МЦМС ги обезбеди средставата




## Како МЦМС ги употреби средствата



# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ 2005

## КОНСОЛИДИРАН БИЛАНС НА СОСТОЈБАТА

(НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ 2005 ГОДИНА)

(износите се во илјади македонски денари - МКД)

| Опис | Заб. | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **А. СРЕДСТВА** | | | |
| Постојани средства | | | |
| Основни средства | 2 | 15,095 | 15,504 |
| Нематеријални вложувања | 3 | 350 | 350 |
| Фонд за домување | 4 | 7,151 | 6,851 |
| **Вкупно постојани средства** | | 22,596 | **22,705** |
| Обртни средства | | | |
| Парични средства | 5 | 68,648 | 72,105 |
| Залиха на стоки | 6 | 802 | 834 |
| Аванси | 7 | 13,703 | 1,093 |
| Побарувања од купувачите | 8 | 1,471 | 6,124 |
| Краткорочни финансиски побарувања | 9 | 16,414 | 21,662 |
| Други краткорочни побарувања | 10 | 1,193 | 2,013 |
| Останати побарувања | 11 | 84 | 3,997 |
| **Вкупно обртни средства** | | 102,314 | **107,828** |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | | 124,911 | **130,533** |
| **Б. ОБВРСКИ И ФОНДОВИ** | | | |
| Краткорочни обврски | | | |
| Обврски спрема добавувачите | 12 | 4,596 | 8,054 |
| Други краткорочни обврски | 13 | 1,906 | 819 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | 6,502 | **8,873** |
| Пасивни временски разграничувања | 14 | 17,185 | 23,470 |
| Однапред пристигнати донации | 15 | 0 | 5,533 |
| **Вкупно пасивни временски разгранич.** | | 17,185 | **29,003** |
| **Вкупно обврски** | | 23,687 | **37,877** |
| Фондови и резерви | | | |
| Фондови | 16 | 101,224 | 92,656 |
| **Вкупно фондови и резерви** | | 101,224 | **92,656** |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ и ФОНДОВИ** | | 124,911 | **130,533** |

## КОНСОЛИДИРАН БИЛАНС НА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ

(ЗА ПЕРИОДОТ ЗАВРШЕН НА 31 ДЕКЕМВРИ 2005 ГОДИНА)

| Опис | | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **А. ПРИХОДИ** | | | |
| Донации и грантови | 17 | | |
| Конзорциум за Македонија | | | |
| Christian Aid, CAID, Велика Британија | | 0 | 4,031 |
| DanchurchAid, DCA, Данска | | 17,288 | 12,360 |
| DANIDA/DCA | | 10,735 | 8,649 |
| Evangelishe Zentral. fur Entwicklung., EED, Германија | | 30,564 | 24,138 |
| Interchurch Org. for Develop. Coop., ICCO, Холандија | | 8,236 | 18,480 |
| Norwegian Church Aid, NCA, Норвешка | | 21,755 | 40,120 |
| Aprodev | | 0 | 840 |
| **Вкупно Конзорциум за Македонија** | | **88,578** | **108,619** |
| Останати партнери | | | |
| Balkan Children and Youth Foundation (BCYF) | | 954 | 1,428 |
| Civicus, JAP | | 88 | 0 |
| Католичка црква во Република Македонија (КЦРМ) | | 150 | 0 |
| Македонска развојна фондација за прет. (МРФП) | | 1,500 | 0 |
| **Вкупно останати партнери** | | **2,693** | **2,431** |
| Владини и меѓувладини организации | | | |
| Амбасада на Швајцарија во Република Македонија | | 194 | 903 |
| Влада на Република Македонија | | 100 | 230 |
| Влада на Кралството Холандија | | 5,533 | 0 |
| Европска агенција за реконструкција ЕАР | | 4,858 | 4,177 |
| OSCE | | 1,148 | 129 |
| UNDP | | 355 | 357 |
| **Вкупно владини и меѓувладини орг.** | | **12,188** | **7,618** |
| **Други донации** | | **1,111** | **1,047** |
| **Вкупно донации и грантови** | | **104,571** | **119,715** |
| Камати | 18 | 3,665 | 2,201 |
| Позитивни курсни разлики | 19 | 360 | 744 |
| Вонредни приходи | 20 | 7,168 | 15,002 |
| Сопствени приходи | 21 | 18,490 | 12,510 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | | **134,254** | **150,172** |

| Опис | Заб. | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Б. РАСХОДИ** | | | |
| Добротворни расходи | | | |
| Водоснабдување и санитација на заедниците (ВСЗ) | 22 | 22,302 | 25,088 |
| Оспособување на заедниците (ОЗИ) | 23 | 7,715 | 3,802 |
| Применето образование за млади Роми (ПОР) | 24 | 12,211 | 2,478 |
| Платформа на граѓан. организации во РМ (ПГО) | 25 | 5,232 | 10,118 |
| Граѓански свет (ГСВ) | 26 | 3,722 | 3,073 |
| Јакнење на граѓан. организации во РМ (ГКГ) | 27 | 3,128 | 2,846 |
| Јакнење на стратешките партнери (ЈСН) | 28 | 4,440 | 5,601 |
| Граѓански советодавни центри (СЦР) | 29 | 3,347 | 4,634 |
| Страници за меѓусебно разбирање (СМР) | 30 | 2,470 | 8,376 |
| Меѓурелигиска соработка во Македонија (МСМ) | 31 | 2,947 | 2,817 |
| Награди ГОД и ГЈА | 32 | 783 | 0 |
| Ресоцијализација на поранешните борци (РПБ) | 33 | 3,365 | 0 |
| Фонд за стратешки иницијативи (ФСИ) | 34 | 657 | 103 |
| Кампањи за мобилизација на фондови (КМФ) | 35 | 2,706 | 0 |
| Балканска мрежа за градење капацитети (БНТ) | 36 | 3,085 | 2,384 |
| Регионална меѓугранична соработка (РМС) | 37 | 7,146 | 0 |
| **Вкупно добротворни расходи** | | **85,256** | **77,835** |
| Набавна вредност | 38 | 1,019 | 1,462 |
| **Вкупно набавна вредност** | | **1,019** | **1,462** |
| Оперативни расходи | | | |
| Информации и публикации | 39 | 1,426 | 1,701 |
| Оперативни расходи | 40 | 37,223 | 43,253 |
| **Вкупно оперативни расходи** | | **38,649** | **44,955** |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | | **124,924** | **124,252** |
| **БИЛАНС** | | **9,330** | **25,921** |

# ФОНДОВИ И РЕЗЕРВИ

| Конто | Опис | И 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| | Состојба на 1 јануари | 92.656 | 81.840 |
| | Вишок на приходи во тековниот период | 8.568 | 10.816 |
| | **Состојба на 31 декември** | **101.224** | **92.656** |

Фондовите се рестриктирани и нерестриктирани, при што за секоја програма се води посебен фонд. Во програмските фондови одвоено се класифицираат средствата за грантови и обновливите фондови. Посебен фонд се основните средства.
МЦМС приходите ги остварува од донации и грантови, сопствени приходи (кои ги вклучуваат и приходите од инвестирачки активности), камати, вонредни приходи и позитивни курсни разлики. Употребата на приходите од донации и грантови е рестриктирана во согласност со договорите со донаторите или со одлуки на органите на МЦМС. Каматите од обновливите фондови се пресметани како приходи на соодветните фондови, додека каматите од сметката и од краткорочните заеми се пресметани во фондот за програма - тековни програмски резерви. Вонредните приходи, сопствените приходи и позитивните курсни разлики се пресметани според активноста од која настанале.

# ЛИСТА НА КУРСНИТЕ РАТИ ЗА МКД НА 31 ДЕКЕМВРИ 2005 ГОДИНА:

| Земја | Валута | | 31.12.2005 | 31.12.2004 |
|---|---|---|---|---|
| Европска унија | ЕУР | 1 | 61.1779 | 61.31 |
| Норвешка | НОК | 100 | 766.1603 | 743.7375 |
| Швајцарија | ЦХФ | 100 | 3934.0171 | 3970.8549 |
| В. Британија | ГБП | 1 | 89.2717 | 86.4983 |
| САД | УСД | 1 | 51.8589 | 45.0676 |
| Данска | ДКК | 100 | 820.0241 | 824.2696 |

| Конто | Опис | Состојба 1 јан. | Приходи | Расходи | Меѓуфонд | Состојба 31 дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Рестриктирани** | | | | | |
| | Тековни програми | | | | | |
| | ВСЗ | 3.233 | 22.307 | -25.644 | 0 | -104 |
| | ОЗИ | 2.051 | 8.551 | -9.969 | 0 | 632 |
| | ПОР | -150 | 18.641 | -15.136 | 0 | 3.356 |
| | МРФП | -650 | 9.467 | -8.910 | 0 | -93 |
| | ПГО | -3.951 | 8.723 | -8.385 | 3.613 | 0 |
| | ГСВ | 1.864 | 7.124 | -5.439 | -3.549 | 0 |
| | ГКГ | 2.894 | 7.785 | -7.296 | -3.383 | 0 |
| | ЈСН | -3.748 | 8.464 | -5.932 | 3.319 | 2.103 |
| | СЦР | 4.671 | 125 | -3.691 | 0 | 1.105 |
| | СМР | -3.582 | 5.576 | -3.344 | 1.350 | 0 |
| | МСМ | 0 | 6.003 | -4.944 | 0 | 1.059 |
| | РПБ | 0 | 7.033 | -4.609 | 0 | 2.424 |
| | ФСИ | 163 | 4.008 | -1.850 | 0 | 2.321 |
| | КМФ | | 3.328 | -3.200 | 0 | 128 |
